# ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА МАТЕМАТИКАТА – ИСКУСТВА И ЛЕКЦИИ

*Адмир Хусеини* [1]

[1] *Центар за математука Гаус, Тетово*

e-mail: admir@gauss-school.com

„Глобална недела на математиката" (Global math week) е меѓународен настан кој се одржа од 10 до 17 октомври 2017 година и на кој учествуваа над 1 милион ученици и наставници од целиот свет. Целта на овој настан беше запознавање на учесниците со најновите практики на организирање и спроведување модерна настава користејќи готова интернет апликација за интерактивно учење.

Апликацијата се вика „Експлодирачки точки" (Exploding dots) и е бесплатно пристапна за сите учители и ученици. Изградена е врз иновативната идеја и свежиот пристап на австралискиот учител Џејмс Тантон (James Tanton) кон учењето на бинарниот и децималниот броен систем, како и кон аналогијата меѓу пресметувањата во позициони бројни системи и полиноми. Играјќи различни игри со хипотетични машини за преместување со точки, учениците и учителите имаат можност на многу сугестивен начин да се запознаат со основните операции на позиционите бројни системи.

Организацијата на настанот, која се одвиваше преку разни веб алатки за комуникација и координација на активностите, беше одлична. Сите заинтересирани наставници беа регистрирани на посебна страница, каде што им се даде автоматски пристап кон алатките. Исто така, се организираа бесплатни вебинари и редовно имаше електронска комуникација со најновите известувања.

Мислењето на авторот е дека сите алатки се пристапни на наставниците по математика во Македонија. Со добра волја и ангажиман, во комбинација со некоја бесплатна веб апликација за учење математика, можно е да се спроведат слични настани со локален карактер и многу поскромни цели, кои би дале позитивен придонес кон развојот на наставата на овој предмет во нашата земја.